**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 20 октомври 2017 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: септември 2017 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])** во текот на септември оствари месечен пад од 0,4% кој главно произлегува од намалувањето кај краткорочните депозити и готовите пари во оптек, наспроти растот регистриран кај долгорочните депозити и депозитните пари[2]. На годишна основа е евидентиран раст на паричната маса од 6,4%, во услови на раст на сите нејзини компоненти, при што најголемо учество во растот имаат депозитните пари и долгорочните депозити, по што следуваат готовите пари во оптек и краткорочните депозити.

– Во септември, **вкупните депозити** бележат месечен пад од 0,5%, при што намалувањето на депозитите на корпоративниот сектор целосно го надмина растот на депозитите на секторот „домаќинства". Анализирано на годишно ниво, вкупниот депозитен раст од 6,0% е резултат на зголемувањето на депозитите кај двата сектора, со поизразен придонес на секторот „домаќинствата" (65,3%) во депозитниот раст.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 8.2017 | 9.2017 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 8.2017 | 9.2017 | 8.2017 | 9.2017 |
| **Парична маса М4** | **351,222** | **344,729** | **347,157** | **352,016** | **350,513** | **6.1** | **4.2** | **7.8** | **6.5** | **6.4** | **1.1** | **-0.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 26,802 | 28,473 | 29,179 | 28,968 | 7.2 | 4.2 | 9.7 | 10.6 | 9.9 | -1.5 | -0.7 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **317,720** | **318,426** | **322,503** | **320,952** | **5.7** | **4.2** | **7.6** | **6.1** | **6.0** | **1.4** | **-0.5** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 82,420 | 80,885 | 84,002 | 80,304 | 13.4 | 8.8 | 10.8 | 6.2 | 5.6 | 3.2 | -4.4 |
| Домаќинства | 217,394 | 217,554 | 219,505 | 219,834 | 221,570 | 2.5 | 1.8 | 6.5 | 5.7 | 5.6 | 0.6 | 0.8 |
| **Вкупни кредити** | **282,461** | **280,157** | **286,408** | **287,904** | **286,950** | **0.9** | **0.0** | **4.4** | **5.1** | **4.3** | **0.2** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 151,905 | 146,851 | 149,179 | 148,582 | 146,764 | -3.8 | -5.2 | 0.0 | 1.0 | -0.5 | -0.2 | -1.2 |
| Домаќинства | 129,321 | 132,080 | 136,034 | 138,210 | 138,951 | 7.0 | 6.6 | 9.5 | 10.0 | 9.8 | 0.8 | 0.5 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

– **Вкупните кредити**, во септември се намалени за 0,3% на месечна основа, во целост заради намаленото кредитирање на корпоративниот сектор, наспроти растот на кредитирањето на секторот „домаќинства". Годишниот раст на кредитите од 4,3% е детерминиран од растот кај кредитите на секторот „домаќинства", при намалено кредитирање на корпоративниот сектор.

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[3]




Извор: НБРМ.

- Во септември, вкупните **депозити** на корпоративниот сектор на месечна основа се намалени за 4,4%, со изедначен придонес на денарските и девизните депозити. На годишна основа е забележан раст од 5,6%, кој произлегува од растот на денарските депозити, при што во структурата на годишниот раст најголем придонес имаат депозитните пари.

- Вкупните **кредити** на корпоративниот сектор во текот на септември забележаа месечно намалување од 1,2%, со учество во промената како на денарските, така и на девизните кредити. Споредено на годишно ниво, состојбата на кредитите одобрени на корпоративниот сектор е пониска за 0,5%, во услови на пад на девизното кредитирање, наспроти годишниот раст кај денарското кредитирање.

[3] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и на останатите нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[4]




Извор: НБРМ.

– Во септември, кај вкупните **депозити на домаќинствата** е евидентиран месечен и годишен раст од 0,8% и 5,6%, соодветно, кој во поголем дел произлегува од растот на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута (84,1% и 73,6%, соодветно). Анализирано од аспект на валутната структура, депозитите примени во денари имаат поголем придонес кон месечниот и годишниот раст (63,8% и 61,0%, соодветно).

[4] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.

– Кај вкупните **кредити** на домаќинствата во септември е регистрирано зголемување на месечна и годишна основа од 0,5% и 9,8%, соодветно. Притоа, месечниот и годишниот раст на кредитна активност кон домаќинствата, во најголем дел се должи на денарските кредити (придонес кон растот од 75,6% и 89,2%, соодветно).




Извор: НБРМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 8.2017 | 9.2017 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 8.2017 | 9.2017 | 8.2017 | 9.2017 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 67,041 | 69,424 | 70,604 | 71,068 | 13.4 | 12.8 | 11.8 | 12.2 | 11.9 | 0.6 | 0.7 |
| Станбени кредити | 34,608 | 35,448 | 36,815 | 37,518 | 37,788 | 14.3 | 13.4 | 13.6 | 14.2 | 14.1 | 1.4 | 0.7 |
| Автомобилски кредити | 323 | 309 | 307 | 302 | 308 | -19.1 | -18.5 | -11.9 | -9.4 | -5.2 | -0.4 | 1.9 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,294 | 12,295 | 12,372 | 12,341 | 0.3 | 0.5 | -0.4 | -0.7 | -1.0 | 0.4 | -0.2 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 6,275 | 6,366 | 6,510 | 6,510 | 3.6 | 2.7 | 1.3 | 2.9 | 3.7 | 1.3 | 0.0 |
| Други кредити | 4,585 | 4,560 | 4,630 | 4,582 | 4,578 | 7.3 | 5.6 | 2.9 | 1.7 | 0.5 | -0.4 | -0.1 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

- Од аспект на намената на кредитите одобрени на физичките лица, во септември кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити,** на месечно ниво е забележан идентичен раст од 0,7%, кој на годишно ниво изнесува 11,9% и 14,1%, соодветно. Овој месец, **автомобилските кредити** бележат нагорна месечна промена од 1,9%, во услови на годишен пад од 5,2%, додека кај кредитите одобрени на **кредитни картички** е забележано месечно и годишно намалување од 0,2% и 1,0%, соодветно. Натаму, кај **негативните салда на тековните сметки** не е регистрирана промена на месечно ниво, при годишен раст од 3,7%. Во текот на септември, кредитите одобрени врз **други основи** остварија минимално месечно намалување од 0,1%, додека на годишно ниво бележат раст од 0,5%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Монетарни движења во Република Македонија: 21 ноември 2017 година (референтен пресек заклучно со октомври 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).